Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	- Покажува знаење и разбирање во областа на географијата кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, компаративни и критички перспективи во географијата според соодветната методологија од различни географски дисциплини. - Разбирање на соодветните области од географијата и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. - Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии од различни географски дисциплини.
Примена на знаењето и разбирањето	- Може да го примени знаењето и разбирањето на професионален начин во работата или професијата (во образование, научни институции, проектантски организации, владини организации на централно и локално ниво итн.). - Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми од најразлични области на географијата.

Способност за проценка	- Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци. - Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. - Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
Комуникациски вештини	- Способност да комуницира и дискутира како со стручната, така и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. - Способност за независно и тимско учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии
Вештини за учење	- Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење од географските дисциплини и учење со висок степен на независност и одговорност.

5.2. Специфични дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Географија, модул Демографија, Природно-математички факултет/Институт за географија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	- Опис
Знаење и разбирање	- Покажува општи знаења и разбирање за демографските процеси и проблеми. - Знаење и разбирање за причините, тековите и особеностите на природното движење, биолошките, социоекономските структури и миграционите движења на населението и осознавање на истите во функција на причинители за општествените збиднувања во минатото, сегашноста и иднината; - Стекнувања на комплетни знаења за важноста на населението во севкупните политички, просторни, економски делувања во земјава и воопшто во Светот; - Разбирање на важноста од креирање популациона политика; - Стекнување на знаења за правилно управување и менаџирање на човековите ресурси.
Примена на знаењето и разбирањето	- Способност да ги истражува компонентите на развојот на населението, да врши нивна класификација и систематизација, да формира комплетна претстава за популациските атрибути на просторот и истовремено да создава причинско-последична анализа на состојбите; - Способност да ги следи и истражува демографските промени во населбите како просторна материјална, духовна и економска реализација на населението; - Способност за теренски истражувања и прибирање на изворни материјали за населението, нивна анализа (со математичко-статистички географски, информатички, картографски методи) и извлекување на соодветен заклучок и адекватни проценки; - Способност да идентификува и поставува клучни барања за решавање на разни проблеми од областа на демографијата; - Способност за самостојна изработка и анализа на картографски, графички, алфанумерички и фотографски прикази на населението и населбите кои може да имаат практична примена;
Способност за проценка	- Способност за проектирање на постапки за решавање на тековни проблеми од областа на демографијата во академски или проектантски истражувања во функција на подобрување на постоечките состојби; - Способност за разбирање на демографските проблеми,одбирање на соодветни решенија.
Комуникациски вештини	- Способност за транспарентно, објективно презентирање на истражувањата од областа пред различен аудиториум; - Способност за добивање изворен говорен материјал при теренските истражувања; - Способност за работа во интердисциплинарни тимови; - Подобрено владеење со стручната терминологија.

	- Иницирање и водење на активности за истражување на населението.
Вештини за учење	- Способност за пребарување и користење на демографска литература, како на други извори на информации релевантни за истражувачка работа. - Следење на научните достигнувања на национално и светско ниво - Способност за навлегување во нови полиња преку независни истражувања.

6. Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите

СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

На Институтот за географија се организираат студии по/на Географија со модулите: Наставна географија, Географски информациски системи, Физичка географија со геоекологија и Демографија. При модуларниот пристап се издвојуваат две групи на предмети: група на јадрени или основни предмети, заеднички за сите модули и група на модуларни предмети, во зависност од избраниот модул кој студентот го избрал при запишувањето на студиите. Во студиската програма Географија, модул - Демографија распоредот на предметите по семестри и студиски години за академски студии (АС) е даден во следната табела:

Табела 6.1. Распоред на предметите по семестри и студиски години за академски студии (АС)

Реден број	Код на предметот	Назив на наставниот предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ПРВА ГОДИНА						
1.	ГГЈ001	Основи на географијата	I	2	2	7
2.	ГГЈ002	Картографија	I	4	4	10
3.	ГГЈ003	Општа геологија со петрографија	I	3	2	8
4.		Изборен предмет од Институт за географија	I	2	2	5
5.	ГГЈ004	Климатологија	II	3	2	7
6.	ГГЈ005	Геоморфологија	II	4	4	8
7.		Изборен предмет од Институт за географија	II	2	2	5
8.		Изборен од УКИМ (спорт)	II	0	2	5
9.		Изборен од УКИМ (соодветно на модулот)	II	2	2	5
Вкупно часови (предавања/вежби) и број на ЕКТС-кредитиво студиската година				22	22	60
Студентска пракса во времетраење од 30 дена						

Реден број	Код на предметот	Назив на наставниот предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ВТОРА ГОДИНА						
1.	ГГЈ006	Заштита на животната средина	III	3	2	9
2.	ГГЈ007	Хидрологија	III	3	2	9
3.	ГГЈ008	Педогеографија	III	2	2	7
4.		Изборен од УКИМ (соодветно на модулот)	III	2	2	5
5.	ГГЈ009	Вовед во ГИС	IV	3	2	10
6.	ГГЈ010	География на население	IV	3	2	10
7.		Изборен предмет од Институт за географија	IV	2	2	5

8.		Изборен предмет од Институт за географија	IV	2	2	5
Вкупно часови (предавања/вежби) и број на ЕКТС-кредити во студиската година				20	16	60
Студентска пракса во времетраење од 30 дена						

Реден број	Код на предметот	Назив на наставниот предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ТРЕТА ГОДИНА						
1.	ГГЈ011	Географија на населби	V	3	2	9
2.	ГГЈ012	Аграрна географија	V	2	2	8
3.	ГГЈ013	Просторно планирање	V	2	2	8
4.		Изборен предмет од Институт за географија	V	2	2	5
5.	ГГЈ014	Регионална географија	VI	3	2	8
6.	ГГЈ015	Индустриска географија	VI	2	2	6
7.	ГГЈ016	Политичка географија	VI	2	2	6
8.		Изборен предмет од Институт за географија	VI	2	2	5
9.		Изборен предмет од Институт за географија	VI	2	2	5
Вкупно часови (предавања/вежби) и број на ЕКТС-кредити во студиската година				20	18	60
Студентска пракса во времетраење од 30 дена						

Реден број	Код на предметот	Назив на наставниот предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ЧЕТВРТА ГОДИНА						
1.	ГГД001	Основи на демографија	VII	3	2	7
2.	ГГД002	Демографски структури	VII	3	2	7
3.	ГГД003	Природно движење на населението	VII	3	2	6
4.		Изборен предмет од Институт за географија	VII	2	2	5
6.		Изборен од УКИМ	VII	2	2	5
7.	ГГД004	Миграции на населението	VIII	3	2	5
8.	ГГД005	Популациона политика	VIII	3	2	5
9.	ГГД006	Демографска статистика	VIII	3	2	5
10.		Изборен предмет од Институт за географија	VIII	2	2	5
11.		Изборен предмет од Институт за географија	VIII	2	2	5
		Дипломска работа	VIII	0	2	5
Вкупно часови (предавања/вежби) и број на ЕКТС-кредити во студиската година				26	24	60

Во студиската програма во 2-ри, 4-ти и 6-ти семестар е предвидена реализација на **студентска пракса** која претпоставува практика во разни статистички институции, државни институции и други институции и организации во кои се работи со проблеми од демографија. Студентот е **должен пред**

да го запише соодветниот нареден семестар, реализацијата на студентската практика да ја докаже со потврда од организацијата каде што ја реализирал практиката и истата ја депонира во студентското досие.

Во студиската програма се вклучува изработка и одбрана на **дипломска работа** која е вреднувана со 5 ЕКТС. Препорачливо е студентите може да ја изработат дипломската работа во рамките на модулот односно насоката која ја избрале и тоа од потесно специјализираните предмети.

Табела 6.2. Изборни наставни предмети на студиската програма

Вид на изборен наставен предмет	Број
Наставни предмети од Листата на изборни предмети предложена од единицата	10
Наставни предмети од Универзитетската листа на изборни предмети	4

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Единица
				П	В		
1.	ГГЈ016г	Геоинформатика	I	2	2	5	Институт за географија
2.	ГГЈ017	Информатика за географи	I	2	2	5	Институт за географија
3.	ГГЈ018	Култури и цивилизации	II	2	2	5	Институт за географија
4.	ГГЈ019	Медицинска географија	II	2	2	5	Институт за географија
5.	ГГЈ020	Биогеографија	IV	2	2	5	Институт за географија
6.	ГГЈ021	Биогеографија на Република Северна Македонија	IV	2	2	5	Институт за географија
7.	ГГЈ022	Сообраќајна географија	IV	2	2	5	Институт за географија
8.	ГГЈ023	Инфраструктура	IV	2	2	5	Институт за географија
9.	ГГЈ024	Рурална географија	V	2	2	5	Институт за географија
10.	ГГЈ025	Население на Република Северна Македонија	V	2	2	5	Институт за географија
11.	ГГЈ026	Туристичка географија	VI	2	2	5	Институт за географија
12.	ГГЈ027	Туристичка географија на Република Северна Македонија	VI	2	2	5	Институт за географија
13.	ГГЈ028	Урбани системи	VI	2	2	5	Институт за географија
14.	ГГЈ029	Просторно планирање во Република Северна Македонија	VI	2	2	5	Институт за географија
15.	ГГД007	Теренски истражувања	VII	2	2	5	Институт за географија
16.	ГГН009	Урбана географија	VII	2	2	5	Институт за географија

17.	ГГД008	Работна сила и вработеност	VIII	2	2	5	Институт за географија
18.	ГГД009	Историска демографија	VIII	2	2	5	Институт за географија
19.	ГГД010	Човечки ресурси	VIII	2	2	5	Институт за географија
20.	ГГД011	Етнодемографија	VIII	2	2	5	Институт за географија
21.		Изборен од УКИМ	II	0	2	5	Листа УКИМ
22.		Изборен од УКИМ	II	2	2	5	Листа УКИМ
23.		Изборен од УКИМ	III	2	2	5	Листа УКИМ
24.		Изборен од УКИМ	VII	2	2	5	Листа УКИМ
			Вкупно:	46	48	120	

Начин на избор на предмети

Во рамките на студиската програма Географија, модул Демографија, вкупно изборни предмети се 14, од кои (вкупно 10) студентите ги бираат од листата на изборните предмети на Институтот за географија, а за останатите 4 наставни предмети студентите имаат слободен избор на предмет понуден на Универзитетска листа на слободни изборни предмети за прв циклус на студии. Потребно е да се избираат предмети кои се компатибилни со избраниот модул/насока. Понудените изборни предмети опфаќаат 29,2% од вкупниот број на ЕКТС-кредитите во студиската програма, што е во согласност со Член 139, став 6 од Законот за високото образование каде „Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС-кредитите во студиската програма.

Табела 6.3. Преглед на застапеност на задолжителните и на изборните предмети на студиската програма

Година	Број на задолжителни предмети	Број на изборни предмети	Вкупно предмети
Прва година	5	4	9
Втора година	5	3	8
Трета година	6	3	9
Четврта година	6	4	10
Вкупно	22	14	36
% застапеност	61,1%	38,9%	100%

Табела 6.4. Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните и на изборните предмети

Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС-кредити на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС-кредити		Оптоварност за задолжителните предмети изразена преку ЕКТС-кредити		Оптоварност за изборните предмети изразена преку ЕКТС-кредити	
	А Вкупен број на ЕКТС-кредити од наставните предмети	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од наставните предмети на студиската програма	Б Вкупен број на ЕКТС-кредити од задолжителните наставни предмети	Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од задолжителните наставни предмети во однос на вкупниот број на	В Вкупен број на ЕКТС-кредити од изборните наставни предмети	В1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на

				ЕКТС-кредити на студиската програма		ЕКТС-кредити на студиската програма
4 години 240	240	100%	170	(Б/А)*100=70,8%	70	(В/А)*100=29,2%

7. Список на наставен кадар со податоци наведени во Прилог бр.4

Табела 7.1. Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време на единицата каде што се реализира студиската програма

	Име и презиме на наставникот	Звање и научна област во кои е избран	Научна област на којашто докторирал	Институција каде што работи во редовен работен однос	Предмети што ги предава наставникот	Вкупен број на предмети по семестри	
						зимски	летен
1.	Благоја Маркоски	Ред.проф. Географија	Картографија	Природно-математички факултет	Картографија Регионална географија	1	1
2.	Драган Колчаковски	Ред.проф. Географија	Физичка географија Геоморфологија	Природно-математички факултет	Геоморфологија Биогеографија Биогеографија на Р.С.Македонија		3
3.	Ристо Мијалов	Ред.проф. Географија	Социо-економ географија	Природно-математички факултет	Аграрна географија Политичка географија	1	1
4.	Мирјанка Мацевиќ	Ред.проф. Географија	Демогеографија	Природно-математички факултет	География на население Географија на населби Основи на демографијата Популациона политика Урбана географија Теренски истражувања Работна сила и вработеност	4	3
5.	Олгица Димитровска	Ред.проф. Географија	Заштита на животна средина	Природно-математички факултет	Основи на географијата Заштита на животната средина Култури и цивилизации Медицинска географија	2	2
6.	Ивица Милевски	Ред.проф. Географија	Физичка географија Геоморфологија	Природно-математички факултет	Основи на геологија со петрографија Педогеографија		2
7.	Билјана Апостоловска Тошевска	Ред.проф. Географија	Социо-економ. географија	Природно-математички факултет	Индустриска географија Миграции на населението		3

					Историска демографија		
8.	Милена Талеска	Вон.проф. Географија	Економска географија - Туризам	Природно-математички факултет	Туристичка географија Туристичка географија на Р.С.Македонија		2
9.	Свемир Горин	Вон.проф. Географија.	Географ.информациски системи	Природно-математички факултет	Вовед во ГИС Геоинформатика Информатика за географи	2	1
10	Дејан Илиев	Вон.проф. Географија	Економска географија - Туризам	Природно-математички факултет	Просторно планирање Урбани системи Просторно планирање во Р:С.Македонија	1	2
11.	Иван Радевски	Вон.проф. Географија	Физичка географија Хидрологија	Природно-математички факултет	Климатологија Хидрологија	1	1
12.	Христина Димеска Трајкова	Доц.д-р. Географија	Економска географија - Туризам	Природно-математички факултет	Сообраќајна географија Инфраструктура		2
13.	Марија Љакоска	Доц.д-р. Географија	Демогеографија	Природно-математички факултет	Демографски структури Природно движење на населението Рурална географија Население на Р.С.Македонија Човечки ресурси	2	3
14.	Љупчо Настовски	Ред.проф. Математика	Анализа	Природно-математички факултет	Демографска статистика		1
15.	Мирјана Мирчевска	Ред.проф. Етнологија	Антропологија	Природно-математички факултет	Етнодемографија		1

8. Податоци за просторот предвиден за реализација на Студиската програма ГЕОГРАФИЈА, модул Демографија, организирана на Природно-математички факултет/Институт за географија

Табела 8.1. Список и површина на просториите во високообразовната установа што ќе се користат за реализација на студиската програма

	Вид и намена на просторот	Број	Број на места	Површина (m^2)
1.	Голем амфитеатар	1	180	220
2.	Мал амфитеатар	1	70	110
3.	Учуилници	4	4*50=200	4*70=280
4.	Компјутераска лабараторија	1	20	45
5.	Лаборатории	5	5*20=100	5*30=150
6.	Библиотека	1	35	70

Вкупно	875

9. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма ГЕОГРАФИЈА, модул Демографија, организирана на Природно-математички факултет/Институт за географија

Табела 9.1. Список на опрема и наставни средства за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

	Опрема и наставни средства	Вид	Намена	Број
1.	картографска збирка	географски, топографски и тематски карти	читање на карти проучување на географски содржини од карта картометрирање картографирање	околу 7000 карти
2.	минералошка, петрографска и збирка на бројни фосилни наоди	магматски седиментни метаморфни карпи и минерали	визуелно проучување на карпи и минерали заради нивна идентификација на терен терен	околу 1000 примероци
3.	компјутери	DEEL	обработка на податоци	40
4.	графоскопи		проектирање на наставни содржини	7
5.	видеобимови		проектирање на наставни содржини	5
6.	софтверски пакети	Arc GIS, Auto CAD Map Global Mapper	изработка на карти, мерења на карти и визуелизација	5
7.	дрон		снимање на земјиште	1
8.	библиотека	-книги и монографии -списанија	литература	6500 13000

10. Информација за бројот на студентите (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација

Табела 10.1. Преглед на бројот на студентите запишани (првпат) на студиската програма во периодот на последната акредитација и бројот на студенти за кои се бара акредитација

Академска година		Број на студенти запишани во прва година
1.	2016/2017	5
2.	2017/2018	2
3.	2018/2019	2
4.	2019/2020	2
5.	2020/2021	1
Вкупно запишани студенти		12
Бројот на студенти за кои е добиена акредитација		200
Бројот на студенти за кои се бара нова ре/акредитација		200 (40 годишно)

11. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература

Институтот за географија располага со богата библиотека со околу 10000 наслови и околу 70 периодични научни списанија. За сите предмети е обезбедена комплетна задолжителна литература (учебници, практикуми и интерни скрипти), како и дополнителна препорачана литература која им е достапна на студентите во рамките на библиотеката. Списокот на наслови е даден во описот на предметните програми во Прилог 3.

За пребарување литература во функција на совладување на содржините од наставните програми на студентите на располагање им стои компјутерски центар со можност за пребарување на интернет и различни бази на податоци до кои има достап Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

12. Информација за веб-страница

Веб страницата која овозможува слободен достапен до електронските инфор¬мации за студиските групи на Природно-математичкиот факултет е www.pmf.ukim.edu.mk, односно на Институтот за географија е www.igeografija.mk како и www.ig.pmf.ukim.edu.mk.

13. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

Институтот за географија постојано спроведува активност за одржување и подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и опрема за изведување на практичната и теоретската настава. Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Институтот континуирано ги следи препораките и современите трендови, како во Европа, така и во Светот за подобрување и на наставниот процес.

За квалитетот на студиите на Институтот за географија за сите насоки одговараат и вршат контрола Раководителот на Институтот за географија, Деканот и Продеканот за настава на Природно-математичкиот факултет.

За секоја од насоките Институтот за географија назначува Главен координатор на студиите и помошници-координатори за секоја од студиски групи. Координаторите се во постојан контакт со студентите и се задолжени да им помогнат во исполнување на сите формално-административни обврски во текот на студирањето, како и да им помогнат во насочувањето на студиите во согласност со можностите и интересите на кандидатите.

Институтот организира анонимни анкети на семестрално или годишно ниво со помош на кои ќе се изврши самоевалуација и на кој начин сознанијата од овие анкети ќе овозможат подобрување на наставно-едукативниот процес.

Квалитетот на студиските програми на Институтот за географија ќе се обезбедува преку следењето и континуираната проверка на поставените цели и структурата на дадената студиска група како и преку следење и контрола на работното оптеретување на студентите, преку постојано осовременување на наставата и континуирано прибирање на информации за квалитетот на наставата од работодавачите и организациите во кои се вработуваат нашите дипломирани студенти. Институтот за географија постојано ќе врши контрола на поставените цели на студиските програми, нивната реализација, нивото на знаења и стручност на студентите по нивното завршување на студиите како и можноста за нивно за вработување и понатамошно школување

14. Резултати од изведената самоевалуација во согласност со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуациските постапки на универзитетите, донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002)

Самоевалуацијата на Природно-математичкиот факултет во Скопје (ПМФ) е дел од процесот за евалуација на неговиот квалитет и е дел од постапката на акредитација според законските акти на Република Северна Македонија. Досега се извршени две самоевалуации и тоа во 2013 и 2016 година. Последната самоевалуацијата од 2016 година ја спроведе Комисијата за евалуација составена од

членови избрани од Наставно-научниот совет на факултетот а избрани се и Поткомисии за евалуација од по 5 члена за секој Институт како поддршка на централната Комисија. Во процесот на самоевалуација помогнаа сите вработени на факултетот, стручната и административна служба, наставно-научниот кадар, како и студентите со спроведување на студентската анкета. Студентската анкета во електронска форма, на која се работеше во претходниот период интензивно, сега е задолжителна обврска на студентот при заверка или упис на семестарот. При тоа, анкетата е потполно анонимна и студентите можат да ги искажат своите оценки и впечатоци за наставниот процес во кој и тие се учесници. Во спроведувањето на самоевалуацијата голем дел од потребните податоци за овој процес беа добиени од персоналната служба за студентски прашања, библиотеките итн., и со подршка на наставно-научниот и соработнички кадар од сите Институти во координација со поткомисиите за евалуација.

Повеќе детали за спроведената самоевалуација може да се погледнат на следниот линк: http://www.pmf.ukim.edu.mk/web/pages/samoevaluacija.

15. Дали формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно со профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар

Табела 15.1. Збирен преглед на бројот на наставници по области ангажирани за изведување на студиската програма

Реден број	Научна област	Потесна научна, уметничка односно стручна област	Наставник по странски јазик	Предавачи	Виши предавачи	Аисистент-докторанд	Доцент	Вонр. проф.	Редов. проф.	Научно звање – истражувач	Емеритус	Други	Вкупно
1.	Географија	Картографија							1				1
2.	Географија	Физичка географија						1	3				4
3.	Географија	Општествена географија (економска)					1	1	3				5
4.	Географија	Туристичка географија					1	1					2
5.	Географија	Други специфични подрачја						1					1
6.	Математика	Анализа Математичка статистика							1				1
7.	Етнологија	Општествено хуманистички науки							1				1
Вкупно							2	4	9				15

16. Усогласеност на структурата и содржината на циклусот на студиите со општите и специфичните дескриптори

Општи дескриптори		
Специфичен дескриптор	Опис	Предмети преку кои се обезбедува постигнување на особеностите означени со општите дескриптори
Знаење и разбирање	- Покажува знаење и разбирање во областа на географијата кое се надградува врз претходното	1. Основи на географијата

	образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, компаративни и критички перспективи во географијата според соодветната методологија од различни географски дисциплини. - Разбирање на соодветните области од географијата и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. - Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии од различни географски дисциплини.	2. Геоморфологија 3. Климатологија 4. Хидрологија 5. Педогеографија 6. Биогеографија 7. Социо-географски дисциплини 8. Економско-географски дисциплини 9. Картографија 10. Регионална географија
Примена на знаењето и разбирањето	- Може да го примени знаењето и разбирањето на професионален начин во работата или професијата (во образование, научни институции, проектантски организации, владини организации на централно и локално ниво итн.). - Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми од најразлични области на географијата.	1. Картографија 2. Геоинформатика 3. Географски информациски системи 4. Климатологија 5. Хидрологија 6. Педогеографија 7. Биогеографија 8. Географија на население 9. Географија на населби 10. Аграрна географија 11. Урбани системи
Способност за проценка	- Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци. - Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. - Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.	1. Вовед во ГИС 2. Заштита на животната средина 3. Географија на населби 4. Географија на население 5. Просторно планирање
Комуникациски вештини	- Способност да комуницира и дискутира како со стручната, така и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. - Способност за независно и тимско учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии	1. Картографија 2. Геоинформатика 3. Географски информациски системи 4. Регионална географија 5. ГИС апликации
Вештини за учење	- Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење од географските дисциплини и учење со висок степен на независност и одговорност.	1. Географски информациски системи

Специфични дескриптори		
Специфичен дескриптор	Опис	Предмети преку кои се обезбедува постигнување на особеностите означени со општите дескриптори
Знаење и разбирање	Покажува општи знаења и разбирање за демографските процеси и проблеми, како и за важноста на примената на теоретско-методолошкото и применето знаење во изучување на населението; Знаење и разбирање за причините, тековите и особеностите на природното движење, биолошките, социоекономските структури и миграционите движења на населението и осознавање на истите во функција на причинители за општествените збиднувања во минатото, сегашноста и иднината;	1. Основи на демографија 2. Популациона политика 3. Човечки ресурси 4. Климатологија 5. Геоморфологија 6. Хидрологија 7. Педогеографија 8. Биогеографија 9. Аграрна географија

	Стекнувања на комплетни знаења за важноста на населението во севкупните политички, просторни, економски делувања во земјава и воопшто во Светот; Разбирање на важноста од креирање популациона политика; Стекнување на знаења за важноста на човековите ресурси; Согледување на важноста од природно-географските услови за неселеноста, стопанските активности и квалитетот на животната средина. Разбирање на појавите и процесите условени од интеракцијата на природните услови и населението.	10. Индустриска географија 11. Сообраќајна географија 12. Политичка географија 13. Миграции на населението 14. Историска демографија 15. Работна сила и вработеност 16. Семејства и домаќинства 17. Демографски структури
Примена на знаењето и разбирањето	Способност да ги истражува компонентите на развојот на населението, да врши нивна класификација и систематизација, да формира комплетна претстава за популациските атрибути на просторот и истовремено да создава причинско-последична анализа на состојбите; Способност да ги применува методите на истражување кои се користат во демографијата; Способност да ги следи и истражува демографските промени во населбите како просторна материјална, духовна и економска реализација на населението; Способност за теренски истражувања и прибирање на изворни материјали за населението, нивна анализа (со математичко-статистички географски, информатички, картографски методи) и извлекување на соодветен заклучок и адекватни проценки; Примена на релевантни статистички показатели, пресметки и толкување на статистички индикатори; Способност да идентификува и поставува клучни барања за решавање на разни проблеми од областа на демографијата; Способност за самостојна изработка и анализа на картографски, графички, алфанумерички и фотографски прикази на населението и населбите кои може да имаат практична примена; Примена на знаења за миграциите како демографски феномен, важен за развој на населеноста и разместеност на популациските потенцијали; Примена на знаења за правилно управување и менаџирање на човековите ресурси.	1. Теренски истражувања 2. Географија на население 3. Географија на населби 4. Урбани системи 5. Демографска статистика 6. Природно движење на населението 7. Демографски структури 8. Картографија 9. Миграции на населението 10. Присилни миграции 11. Историска демографија 12. Вовед во ГИС 13. Медицинска географија 14. Култури и цивилизации 15. Популациона политика
Способност за проценка	Способност за проектирање на постапки за решавање на тековни проблеми од областа на демографијата во академски или проектантски истражувања во функција на подобрување на постоечките состојби; Способност за разбирање на демографските проблеми,одбирање на соодветни решенија; Способност за препознавање и анализа на актуелните проблеми поврзани со пазарот на трудот.	1. Заштита на животната средина 2. Просторно планирање 3. Популациона политика 4. Работна сила и вработеност
Комуникациски вештини	Способност за транспарентно, објективно презентирање на истражувањата од областа пред различен аудиториум; Способност за добивање изворен говорен материјал при теренските истражувања;	1. Геоинформатика 2. Информатика за географи 3. Теренски истражувања 4. Природно движење на населението 5. Демографски структури

	Способност за работа во интердисциплинарни тимови; Подобрено владеење со стручната терминологија; Иницирање и водење на активности за истражување на населението.	6. Миграции на населението 7. Семејства и домаќинства 8. Демографска статистика
Вештини за учење	Способност за пребарување и користење на демографска литература, како на други извори на информации релевантни за истражувачка работа; Следење на научните достигнувања на национално и светско ниво; Способност за навлегување во нови полиња преку независни истражувања.	1. Работна сила и вработеност 2. Демографско стареење 3. Присилни миграции 4. Семејства и домаќинства

17. Усогласеност на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма

Сите амфитеатри, предавални и лаборатории се комплетно опремени со основни наставни помагала. Во сите амфитеатри и предавални се поставени табли за пишување, видеобим, платно за проекција, а по потреба може да се користат и телевизор и ДВД. Наменските лаборатории се скоро целосно опремени со солидна компјутерска опрема и апаратура за разни наставно вежбовни активности.

Институтот за географија е соодветно организиран за спроведување на теренски настави од секаков вид каде студентите се во можност непосредно на терен да видат разни објекти, појави и процеси кои се предмет на проучување во географијата.

Во студиската програма во 2-ри, 4-ми и 6-ти семестар е предвидена реализација на студентска пракса која претпоставува практика во разни основни и средни училишта. Студентот е должен пред да го запише соодветниот нареден семестар, реализацијата на студентската пракса да ја докаже со потврда од организацијата каде што ја реализирал праксата и истата ја депонира во студентското досие.

18. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

Студиската програма по ГЕОГРАФИЈА, модул Демографија, е во согласност со програмите на следниве европски високообразовни институции:

- Sveučilište u Zagrebu, Prirodoslovno-matematički fakultet, Geografski odsjek (https://www.pmf.unizg.hr/geog/studiji/preddiplomski_studiji)
- Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, Oddelek za geografijo (https://geo.ff.uni-lj.si)
- Lund University - Sweden (https://www.lunduniversity.lu.se/lubas/courses-programmes)
- University st. Kliment Ohridski, Sofia, Faculty of geology and geography(https://www.uni-sofia.bg/index.php/eng/the_university/faculties/faculty_of_geology_and_geography/degree_programmes/bachelor_s_degree_programmes)
- Univerzitet u Beogradu, Geografski fakultet (http://www.gef.bg.ac.rs/osnovne-studije/studijski-program-demografija/)
- FAU, Faculty of science, MeinStudium (https://meinstudium.fau.de/en/studienangebot)

ДОКУМЕНТИ

1. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет/ Научниот совет

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1652/2
30.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 6, а во врска со член 145 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 68, став 1, точка 6 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 26.11.2020 година, по предлог од Институтот за географија при Факултетот, бр. 02-1652/1 од 27.10.2020 година, донесе

ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Институтот за географија при Факултетот.
2. Се предлага Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ги усвои Предлог-проектите за измени, дополнувања и реакредитација на студиски програми на прв циклус академски студии по географија со модули: Наставна географија, Географски информациски системи, Физичка географија со геоекологија и Демографија на Институтот за географија при Факултетот.
3. Предлог-Проектите од точка 2 на оваа одлука да се достават на усвојување до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Наставно-научниот совет, на Природно-математички факултет – Скопје, на седницата одржана одржана со средства за електронска комуникација на 26.11.2020 година, постапувајќи по предлогот на Институтот за географија при Факултетот, заради измени, дополнувања и реакредитација на студиски програми на прв циклус академски студии по географија со модули: Наставна географија, Географски информациски системи, Физичка географија со геоекологија и Демографија, врз основа на член 110, став 1, точка 6, а во врска со член 145 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 68, став 1, точка 6 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 464/2019), донесе одлука како во диспозитивот.

ДЕКАН

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Институтот;
- Раководителот на Институтот за географија при Факултетот;
- Одделението за студентски прашања;
- Секретарот на Факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Ss. Cyril and MethodiusUniversity in Skopje

Одлука од УС
Ознака: ОБ 5.5/13
Страна: 1 од 1

Бр. 02-137/31
22.1.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Мислењето на Ректорската управа и по предлог на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 7.седница одржана на 29.1.2021 година, донесе

ОДЛУКА

за усвојување на Проектот за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии – *географија, модул демографија*, на Природно-математичкиот факултет во Скопје

Член 1

Универзитетскиот сенат го усвојува **Проектот за повторна акредитација на студиската програма од прв циклус студии – *географија, модул демографија*, на Природно-математичкиот факултет во Скопје.**

Член 2

Наставата од студиската програма од прв циклус студии – *географија, модул демографија*, ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Универзитетскиот сенат го упатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

Претседател на Универзитетскиот сенат

Проф. д-р Анета Баракоска

Доставено до:
- **ПМФ**
- **Одборот за акредитација на високото образование**

3. Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста



ИЗВЕШТАЈ ОД LIV СЕДНИЦА НА ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ОДРЖАНА НА 27.11.2020 ГОДИНА

Седницата се одржа на 27 февруари 2020 година во електонска форма со опцијата Reply, заради потребата за примена на мерки за справување со коронавирусот и заради безбедно одржување. Поканата за состанок со предлог-дневниот ред и материјалите за седницата беа пратени по е-пошта до сите (7) членови од Одборот. Притоа, во врска со предложениот дневен ред позитивно се изјасниј а и дадоа позитивно мислење по сите точки мнозинство членови од Одборот, т.е. следните шестмина членови (6): проф. д-р Виктор Стефов, д-р Ѓорѓи Петрушевски, проф. д-р Весна Петреска, г-н Владо Блажевски, проф. д-р Наце Стојанов и проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова (нејзината изјава е своерачно потпишана). Во врска со предложениот дневен ред не се изјасни г-н Дејан Анѓеловски. Доставен е материјал за првите три точки од предлог-дневниот ред, а материјалот од електронското изјаснување и своерачно потпишаната изјава на претседателот на Одборот, се составен дел на Извештајот од оваа седница и се наоѓаат во Архивата на Факултетот.

Во Одборот сè уште не се назначени: претставник од Собранието на Република Северна Македонија и претставник од Агенцијата за планирање на просторот.

За редовната LIV седница беше предложен на усвојување следниов:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Извештајот од LIII седница на Одборот одржана на 6.2.2020 година.
2. Давање мислење за усвојување на Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на:

   А) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул наставна географија**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

   Б) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул географски информациски системи**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

   В) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул физичка географија со геоекологија**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

   Г) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул демографија**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.
3. Давање мислење за усвојување на Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на студиската програма на **трет циклус академски студии (докторски студии) по биологија** со модули: **Екологија**, **Таксономија**, **Биохемија и физиологија** и **Молекуларна биологија**.
4. Давање мислење за завршниот извештај од научно-истражувачкиот проект, под наслов:
   А) „ПРОСТОРНО МОДУЛИРАЊЕ НА ЛАСЕРСКИ МОДОВИ И ГЕНЕРИРАЊЕ НА ОПТИЧКИ ВОРТЕКСИ“, работен под раководство на проф. д-р Сузана Топузоски, на предлог на Институтот за физика при Факултетот.

   Б) “СОДРЖИНА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ КАЈ СЕЛЕКТИРАНИ ВИДОВИ ДИВИ МАКРОМИЦЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА И ПРОВИНЦИЈАТА ЈУНАН ВО КИНА”, работен под раководство на д-р Митко Караделев, редовен професор на Институтот за биологија при Факултетот (билатерален македонско – кинески проект).

В) "ДИСТРИБУЦИЈА НА ВИДОВИТЕ ОД РОДОТ *ROMANOGOBIO* ВО Р. МАКЕДОНИЈА – ОДГОВОР НА ПРОМЕНИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА", работен под раководство на д-р Милица Ристовска, вонреден професор на Институтот за биологија при Факултетот (национален проект).

5. Давање мислење за пријавување научно-истражувачки проект, под наслов:

А) „АНТАГОНИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ПОЧВЕНИ БАКТЕРИИ КОН ОДРЕДЕНИ ФИТОПАТОГЕНИ ФУНГИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА – МИКРОБНИ БИОФУНГИЦИДИ КАКО АЛТЕРНАТИВНА БИОЛОШКА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА", во рамките на Конкурсот објавен од Министерството за животна средина и просторно планирање, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Наталија Атанасова - Панчевска, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот;

Б) „БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ НА БЕЗРБЕТНАТА И РИБНАТА ФАУНА НА ПЛАНИНАТА ЈАБЛАНИЦА", во рамките на Конкурсот објавен од Министерството за животна средина и просторно планирање, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Александра Цветковска - Ѓорѓиевска, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот;

В) „ЕтноАнтропоЗум / EthnoAnthropoZoom бр. 21 / 2021", меѓународно списание на ИЕА, по јавниот повик за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од страна на Министерстото за култура на Р. Северна Македонија, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Љупчо Ристески, на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот;

Г) „Етнографски извори за Македонија. Етнолошки атлас на СР Македонија. Т3, Кн. 1 и 2", по јавниот повик за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од страна на Министерстото за култура на Р. Северна Македонија, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Љупчо Ристески на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот;

Д) „Женските обредни поворки лазарки од с. Вевчани и лазарици од с. Луке: етнографски компаративни истражувања и нивна промоција", по јавниот повик за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од страна на Министерстото за култура на Р. Северна Македонија, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Даворин Трпески, на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот;

Ѓ) „Етнографски извори за Македонија. Етнолошки атлас на СР Македонија. Материјали од прашалник бр. 4 – Истражувачки макропроект", по јавниот повик за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од страна на Министерстото за култура на Р. Северна Македонија, кој ќе се работи под раководство на проф. д-р Љупчо Ристески, на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.

6. Давање мислење за учество во научно-истражувачки проект, под наслов:

А) „Innovation trough Medicinal Mushrooms in According to the Growth of Innovative Enterpreneurship and Education (I.M.M.A.G.I.N.E.E.)", на предлог на Институтот за биологија при Факултетот. Проектот ќе биде пријавен на повикот за проекти во рамките на програмата ERASMUS PLUS со учество на истаражувачки групи од Италија, а ќе биде координиран од Dr. Paola Angelini, Department of Chemistry, Biology, Biotechnologies, Università degli Studi di Perugia, Italy и проф. д-р Катерина Русевска од македонска страна;

Б) „NON-CONVENTIONAL YEASTS FOR THE PRODUCTION OF BIOPRODUCTS-YEAST4BIO", на предлог на Институтот за биологија при Факултетот. Главен истражувач на овој научно-истражувачки проект е Elia Tomás Pejó од Fundación IMDEA Energia, Spain, а учесник од македонска страна е проф. д-р Наталија Атанасова-Панчевска;

В) Balkan Network, потпроект во рамките на DAAD HAW на Универзитетот од Марсербург, Германија во 2021-2022 година, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот. Раководител на проектот е проф. д-р

Горан Калуџеровиќ, Универзитетот од Марсербург, Германија, а координатор од македонска страна е проф.д-р Владимир Ивановски.

7. Давање мислење за одржување меѓународна конференција под наслов: „КУЛТУРА И ПОЛИТИКИ НА СЕЌАВАЊЕ – ЈУГОИСТОЧНО-ЕВРОПСКИ И БАЛКАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ“, во Скопје, во периодот од 23.09.2020 год. до 25.09.2020 год., во организација на ЗДФ од СР Германија, Институтот за национална историја – Скопје и Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.
8. Давање мислење за продолжување на договорот со „start-up“ компанијата „Плант Инженеринг“, со согласност и на предлог на Институтот за биологија при Факултетот.
9. Донесување мислење за Извештајот на рецензентската комисија за оценка на ракопис, под наслов: „ВОВЕД ВО ФИКОЛОГИЈА“, од авторот: проф. д-р Светислав Крстиќ, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот, (Билтен на УКИМ, бр. 1222 од 15.09.2020 г.).
10. Давање мислење за одобрување студиски престој на проф. д-р Васил Грозданов од Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија, во периодот од 09.11.2020 до 13.11.2020 година, на Институтот за математика при Факултетот, во рамките на Erazmus+ програмата за мобилност на наставен кадар.

ТОЧКА 1

Извештајот од LIII седница на Одборот одржана на 26.2.2020 година беше едногласно усвоен.

ТОЧКА 2

По разгледување на доставените материјали, Одборот даде позитивно мислење за усвојување на Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на:

А) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул наставна географија**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

Б) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул географски информациски системи**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

В) студиската програма од **прв циклус студии по географија – модул физичка географија со геоекологија**, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.

